Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 27/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 01 февруари 2023 година, врз основа на примена жалба од Истражувачка репортерска лабораторија (ИРЛ), го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Во интервјуто емитувано на Телевизија Телма на 09.01.2023 година, во емисијата „Топ Тема“, не се  прекршени етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 јануари 2023 година, Истражувачка репортерска лабораторија (ИРЛ) поднесе жалба за интервјуто со Жан Митрев, доктор и сопственик на истоимената клиника, емитувано во рамки на емисијата „Топ Тема“,на Телевизија Телма на 09.01.2023 година.

Во жалбата се наведува дека во емитуваното интервју има елементи на прекршувања на Кодексот на новинарите на Македонија по следниве основи: неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Поконкретно, покрај другото, во жалбата ИРЛ се наведува дека: (1) во целата емисија, преку манипулативни и наведувачки прашања, се сугерира дека ИРЛ е дел од организиран напад врз болницата, а дека нејзините новинари се рекетари, што се ставови идентични со оние на сопругата на претседателот на Управниот одбор на компанијата „Макпетрол“, која е основач на оваа телевизија; со наведувачките прашања на новинарката е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија; (2) новинарите на ИРЛ не биле воопшто повикани да ги изнесат своите ставови и гледишта во врска со изречените напади и критики, изнесени особено во третиот блок на интервјуто каде фокусот е ставен на „вистинските“ мотиви на истражувањето презентирано во документарецот на ИРЛ „Нечиста крв“; освен тоа, на семејствата на жртвите за кои се зборува во документарецот не им е даден простор да ги изнесат своите гледишта; со тоа е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија; (3) со начинот на кој е реализирано интервјуто не е заштитен јавниот интерес и е злоупотребена довербата на граѓаните, бидејќи „интервјуто направи дефокус од главните откритија на документарецот и неговиот тек му дозволи на соговорникот да ги извртува фактите“; (4) Клиниката „Жан Митрев“ се рекламира во Телевизија Телма, нејзините доктори се чести гости во утринската програма и во емисијата „Телма амбуланта“, но уредничката во интервјуто „пропуштила да го декларира конфликтот на интерес“ меѓу огласувачот и уредништвото на телевизијата; со ова се прекршува член 6 од Кодексот на новинарите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Телма и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Управителката и одговорна уредничка на ТВ Телма одговори на наводите на жалителот, наведувајќи го, меѓу другото, и следново: (1) наводите од жалбата се отфрлаат во целост како невистинити и неосновани бидејќи со истата жалителот се меша во уредувачката политика на телевизијата, повикувајќи се на одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и

клевета; (2) во реализираното интервју не постојат никакви елементи на неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во известувањето, односно нема прекршувања на Кодексот на новинарите на Македонија; (3) по емитувањето на интервјуто во Телевизија Телма не пристигнал ниту еден демант или барање за објава на исправка или одговор од ниту кое било физичко или правно лице; (4) се дава напомена дека „новинарското интервју е конверзација-разговор помеѓу новинар и извор кој обезбедува информации за специфични теми и проблеми.“

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира прекршување на правилото за точно и фер известување и за сеопфатно известување, односно застапеност на втора страна. Комисијата исто со мнозинство гласови не најде основа ниту за другите членови од Кодексот за кои жалителот тврди дека се прекршени.

Оттука, Комисијата со мнозинство гласови не констатира повреда на членовите од Кодексот на новинарите на Македонија, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 01 февруари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорното интервју. Комисијата заклучи дека се работи за тема од голем јавен интерес, со оглед на тоа што станува збор за третман на пациенти заболени од Ковид 19, во Клиничка болница од приватното здравство каде што основач и доминантен сопственик е д-р Жан Митрев.

Во поглед на наводот од жалбата дека е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, односно дека со објавеното интервју медиумот известил неточно и нефер и не вклучил друго спротивставено гледиште, Комисијата го заклучи следново:

Точното, непристрасно и фер известување подразбира дека медиумот треба постојано да се стреми да ја востанови вистината и во поединечните текстови како и во целината на своето известување да ги претстави различните аспекти на темата и гледиштата на различните засегнати страни. При известувањето за тема која е од голем јавен интерес, како што е начинот на лекување на пациенти заболени од Ковид-19 во приватна клиника, медиумот може да се определи и за формата интервју со цел да бидат утврдени фактите што се значајни за согледување на целината на која се однесува темата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Новинарската професионална пракса покажува дека медиумот дури и во рамки на едно новинарско интервју, може да ги побара и да ги вклучи гледиштата на различни засегнати страни. Сепак, уредничка одлука на медиумот е со кој новинарски жанр и како ќе ја обработи темата: дали различните гледишта ќе ги претстави во рамки на едно интервју или преку две или повеќе последователни интервјуа, или пак ќе се определи за серија аналитички прилози во кои темата се обработува од сите агли и со сите различни гледишта. Она што е важно е дали медиумот се стреми кон тоа неговите „објави во целина да вклучуваат низа разновидни мислења и притоа ниту една значајна мисловна нишка да не е запоставена или пропуштена.“[1]

Во конкретниов случај, ТВ Телма се определила за новинарско интервју како жанр, односно не предвидела дебата меѓу засегнатите страни, ниту пак се определила за форма на две или повеќе одвоени интервјуа, туку направила интервју само со едната страна. Во таков случај, оној што треба да го претстави мислењето на втората или трети страни, на критички и непристрасен начин, е новинарот што го води интервјуто. Оттаму, главната дилема која се постави пред членовите на Комисијата е дали интервјуто било водено на фер, балансиран и непристрасен начин, со цел да ги претстави и другите засегнати гледишта, односно да обезбеди заштита на јавниот интерес во пристапот кон оваа тема.

Во дебатата што се водеше во однос на ова прашање, мислењата на членовите Комисијата беа поделени. Од една страна, мнозинството членови на Комисијата сметаа дека интервјуто било водено професионално, со доволен број поставени прашања што би го задоволиле степенот на прифатливи одговори во однос на потребата од сеопфатно претставување на различните гледишта за темата. Од друга страна, имаше и членови на Комисијата кои сметаа дека професионално и етички би било да се даде можност и на засегнатите страни за проблемот и за темата што е предмет на интервјуто, да го искажат својот став.

Сепак, по исцрпната дебата, со мнозинство гласови беше донесена одлука дека во интервјуто не е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите. Со тоа, со мнозинство гласови беше отфрлено и тврдењето на жалителот дека не е застапена втората страна.

Подолга расправа се поведе и околу членот 6 од Кодексот на новинарите, во кој меѓу другото се утврдува дека новинарот „Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.“

Членовите на Комисијата беа едногласни дека помеѓу интервјуираниот и медиумот постојат комерцијални односи. Сепак, Комисијата не беше во состојба, ниту има мандат да истражува во која длабочина одат комерцијалните релации меѓу Клиниката Жан Митрев која како правен субјект се рекламира во ТВ Телма на директен начин или преку специјализирани емисии за здравството во кои гостуваат стручни лица од клиничката болница. Комисијата во целина исто така најде дека нејзините членови не можат да проценат дали таквиот однос влијаел врз

[1] Уреднички насоки на БиБиСи, Точка 1.2 – Нашите уреднички вредности, стр.13. (BBC Editorial Guidelines, 1.2 – Our Editorial Values, p.13). Достапно на: https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

новинарскиот производ, бидејќи фокусирајќи се исклучиво на самиот производ – интервјуто, проценија претходно со одлуката за член 1 дека интервјуто сепак содржело доволен број прашања и одговори за да се покрие темата во целина.

И во поглед на овој член, сепак, имаше спротивставени мислења. Одделни членови на Комисијата изнесоа мислење дека постоењето на комерцијалните односи меѓу интервјуираниот и медиумот сепак влијаеле на уредничката одлука за поканата за интервју и за формата на интервјуто (без дополнително интервју со други страни или аналитички прилози во кои се обезбедени други гледишта).

По исцрпната дебата, беше донесен заклучок дека во интервјуто  не е прекршен член 6 од Кодексот на новинарите, иако во расправата беше укажано на проблемот што со години сериозно ја подрива медиумската сфера во земјава – различните облици на скриено или директно влијание на одделни медиумски сопственици или големи огласувачи врз уредувачката политика на медиумите.

Комисијата расправаше и за можното нарушување на членот 16 од Кодексот на новинарите. За употребата на сопствениот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги тука и своите колеги. Со мнозинство гласови членовите утврдија дека не е нарушен овој член од Кодексот. Образложението беше дека, сепак, уредничката на Телма неколку пати во текот на интервјуто се оградувала од некои ставови на соговорникот и не дозволила натамошни напади или обвинувања на колегите од ИРЛ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Во поглед на прашањето за тоа дали одделни членови на Комисијата имаат судир на интерес при расправата и гласањето за оваа жалба, двајца членови на Комисијата го издвоија своето мислење.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595